ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 02-3538/16
05.08.2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 11 и член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21,99/22 и 208/24), Секретарот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје донесе

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат за вработување на административен службеник за работно место Самостоен референт – архивар

1.За извршител за работно Самостоен референт – архивар во Одделение за општи работи во Сектор за правни и организациони работи во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје се избира кадидатот **Биљана Лалчевска**.

2.Именуваната ќе биде биде вработена на работно место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3.Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас Бр.639/2025, формирана со Решение на директорот на Агенцијата за админстрација со архивски број 10-1455/5 од 07.07.2025 година, во функција за спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа Одлука, а по огласот за вработување на административни службеници објавен ден 28.06.2025 година во дневните весници "Вечер", „Слободен печат" и „Коха, по спроведената административна селекција на 17.07.2025 година во 09:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација и спроведениот испит за административен службеник на ден 31.07.2025 година, на ден 05.08.2025 година спроведе постапка за веродостојноста на доказите и интервју за наведеното работно место.
По спроведената постапка за веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Конечна ранг - листа и Предлог за избор на кандидат за вработување на работно место Самостоен референт – архивар во Одделение за општи работи во Сектор за правни и организациони работи. Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, Секретарот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот.
**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

СЕКРЕТАР
ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје
Георги Трајчев

Доставено до:
- Избраниот кандидат;
- Сектор за човечки ресурси;
- Агенција за администрација и Архива